Бр./Nr 12-29/2
26-07-2024 г./v.



Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 23.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-29/1 од 03.01.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-29 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-29/1 од 03.01.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско вработување во /// по јавно објавен оглас заведен под арх. бр. /// објавен на /// година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази. По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Ова од причина што незадоволниот кандидат имал право на приговор до надлежната второстепена комисија за работни спорови и имал право да поведе судска постапка.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: З. Б., член

Доставено до:
- Подносителот